**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-09-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4462 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, во периодот од 2 до 11 септември со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 30 минути и 9 секунди. Од анализираниот примерок, 4 часа 13 минути и 2 секунди се претежно информативни жанрови, а 16 минути и 25

секунди се осврти и коментари. Прилозите се аналитички и кога има спротиставени мислења, користат често два и повеќе извори.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ ТЕЛМА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:06:32 | 2,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:06 | 3,60 | % |
| СДСМ | 00:12:51 | 5,08 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:42 | 5,81 | % |
| Други субјекти | 00:51:50 | 20,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:41 | 2,25 | % |
| Влада на РМ | 00:34:20 | 13,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:15 | 6,42 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:53 | 4,70 | % |
| Без субјекти | 00:47:35 | 18,81 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:40 | 1,45 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:16 | 1,69 | % |
| Шарена револуција | 00:00:45 | 0,30 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:20 | 1,71 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:18 | 0,51 | % |
| Локална самоуправа | 00:12:44 | 5,03 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:02 | 0,80 | % |
| Левица | 00:00:24 | 0,16 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:10 | 0,86 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:41 | 2,25 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:44 | 0,29 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:19 | 1,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:27 | 0,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:27 | 0,18 | % |
| **Вкупно:** | **04:13:02** | **100** | **%** |

Статистички најголем дел од субјектите кои се појавиле во Дневникот во 18 часот и 30 минути методолошки се кодирани во категоријата *„други субјекти“* (стопански комори, професори, организаторот на Охридски маратон, приватни инвеститори, ФКТ „Ристо Шишков“, НБРМ, академици, адвокати, режисери, обвинети во судска постапка, ректорот на Универзитетот во Битола, директорот на ИФФК Благоја Куновски, ИЗИИС, сеизмолошката опсерваторија и др.).

Голем процент од субјектите во вестите припаѓаат и на методолошката категорија *„без субјекти“* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани (работници, жители погодени од поплавите, учесници на Колонија на графичари во Богданци, подизведувачи и др).

Телевизијата се држи до принципите на професионално новинарско известување и во создавањето на прилозите се консултираат повеќе различни гледишта. Како теми третирани во вестите можеме да ги посочиме следните: изборот на преодната Влада, правно сиви зони во функционирањето на МВР, раководството на „Леарница“ и вработените со меѓусебни обвинувања, два настана од т.н. „црна хроника“ – сообраќајна несреќа на автобус со македонски туристи во Турција и авионска несреќа во скопско – настани

што ги ангажираа структурите на МВР и на МНР, поплавените граѓани кои се бунат против административните обврски како и одговорот од Владата, прогласувањето на скопјанката Мајка Тереза за светица, почетокот на учебната година, организацијата и реализацијата на низа свечености поврзани со чествувањето на „8 Септември" денот на независноста на Република Македонија, работата на СЈО и жалбата на обвинетите во „Шпион", новиот ЕУ амбасадор и критиката од претседателот Ѓорѓе Иванов, средбата на претседателот Ѓорѓе Иванов со папата Францис во Ватикан, новите судии во апелација, анкета направена од стопанската комора за неплаќањето на јавниот сектор, битката за буџетот со директни обраќања од дополнителниот заменик-министер Кире Наумов и академикот Абдулменаф Беџети. Централна тема во вестите од 11 септември, последниот ден од десетдневниот мониторинг, беа земјотресите во Скопје и скопскиот регион, па оттаму зголемениот процент време за новинарски прилози со изјави на граѓани (методолошки кодирани како *„без субјекти"*, бидејќи не се носители на организиран облик општествено-политичка содржина), и на експерти за сеизмологија и за урбанизам (кодирани - или како *„експерти"* или како *„други субјекти"*, во зависност од медиумското претставување на нивната општествена (не)официјална позиција).

Телевизијата главно информира за активностите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ. Регистрирани се и ставовите на неколку помали политички субјекти. Темите се поставуваат проблемски и доминира неутрално – критички став. Времето за осврти и коментари, всушност се однесува на три прилози. Првиот, за опречните изјави на министерот за внатрешни работи Митко Чавков и премиерот Емил Димитриев за вработувањата во МВР. Значајно е да се напомене дека и ова не е чист коментар туку повеќе е анализа која се темели на презентирање на различни гледишта. Вториот прилог е осврт по повод 25 години македонска независнот со анализа на движењата во македонската економија. Се прави рекапитулација на економските политики на државата со изјави на поранешни функционери, аналитичари и стопанственици: Петар Гошев, Томе Неновски, Горан Рафајловски. Третиот прилог го проблематизира недостигот од книжевна критика во Република Македонија и е најдолг од претставените прилози. Во прилогот се консултираат: Владимир Јанковски, критичар и Румена Бужаровска, писателка и професорка.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ ТЕЛМА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:04:03 | 6,46 | % |
| СДСМ | 00:04:51 | 7,73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:49 | 4,49 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:25 | 0,66 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:43 | 23,46 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:55 | 1,46 | % |
| Други субјекти | 00:19:15 | 30,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:23 | 0,61 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:25 | 3,85 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:14 | 3,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:15 | 6,77 | % |
| Судство | 00:00:47 | 1,25 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:42 | 1,12 | % |
| Шарена револуција | 00:00:12 | 0,32 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:45 | 1,20 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:35 | 0,93 | % |
| Левица | 00:00:24 | 0,64 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:00:55 | 1,46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:46 | 2,82 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:20 | 0,53 | % |
| | **Вкупно = 01:02:44** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања има за субјектите кодирани како *„други субјекти"*, а потоа следат субјектите кодирани како *„експерти/аналитичари"*.

Опозицијата е поприсутна кај директните обраќања, додека ставовите на Владата и на партиите на власт претежно се пренесуваат преку соопштенија, кои се презентираат со телоп и глас на спикер. Неколкупати во анализираниот период, медиумот посочува дека од редакцијата било побарано мислење од Владата или од органите на државната управа, кое не е добиено.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во извештајниот период се емитувани две изданија на емисијата „КОД – Клуч на вистината" со Снежана Лупевска. Првата е премиерна, се емитува на 4 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 10 минути и е составена од три прилози, новинарски истражувачки стории со тројца посебни автори. Првиот прилог на Петар Клинчарски се однесува на процесите кои се водат во Србија за зголемувањето на приходите на леарницата Јеремиќ со нарачките од фирмата Галеника, истата фирма се појавува и како изведувач на голем број скулптури од проектот Скопје 2014. Прилогот се надоврзува на претходно истражување за кое зборува Тамара Чаусидис. Вториот прилог е на Миомир Серафиновиќ за вработувањата во МВР пред назначувањето на новите министри. Прилогот се темели на контрадикторни изјави на премиерот Емил Димитриев и на Митко Чавков, поранешниот министер за внатрешни работи, сега директор на БЈБ, и консултиран е Љубомир Ѓурчевски поранешен началник во МВР. Прилогот ја анализира и аболицијата од претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов, која опфаќа најмногу активни функционери во МВР, како и случајот на СЈО насловен како „Титаник". Третиот прилог е на новинарката Билјана Николовска за убиство во Велес пред 15 години. Новинарката разговара со таткото на убиеното дете Сабир Вејсели на тема - зошто овој случај и по толку години нема епилог. Првата реприза е на 5 септември 2016 година, со почеток во 1 часот и 15 минути, а втората е на 6 септември 2016 година, со почеток во 14 часот и 35 минути

Втората емисија, емитувана на 11 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 24 минути, од циклусот „КОД – Клуч на вистината" е реприза од месец април во која се застапени следните теми: Случајот кој под име „Тврдина" го отвори СЈО, што се однесува на работата на УБК, зошто МВР дозволило системите, што се докази во Пуч и во уште една судска постапка, да завршат на отпад? Кој е потполковникот Горан Грујевски – поранешниот прв човек на Петтата управа? МВР го смени министерот, но зошто опозицијата не ја искористи можноста да открие дали има злоупотреби во работата на тајната полиција? Поранешниот антикорупционер Горан Миленков не го сокри златото на рацете ама сакаше да сокрие сѐ што знае за имотот на Груевски. Миленков има неколку стана, чамец, 2 автомобили ама и трактор.

*Други програми*

На 8 септември, со почеток во 11 часот и 36 минути, во рамките на информативно-забавната утринска програма на Телма по повод 25-годишнината од независноста, се емитуваше интервју со Стојан

Андов – првиот претседател на Собранието на РМ. Опфатени беа темите од воспоставувањето на независноста на Република Македонија и за творечката дејност на гостинот.

***Сектор за програмски работи***